**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-53/3
20.03.2024 година
Прилеп

| # ООУ „Пере Тошев“ с. Дупјачани, Долнени | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 18 до 20 декември 2023 год. |
| **Број на извештај:** | 16 / Пелагониски / 2023 год. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гордан Трифуновски |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Подрачни училишта** | 3 |
| **Основач на училиштето:** | општина Долнени |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 236 |
| **Полова структура на ученици:** | 118 машки и 118 женски |
| **Број на наставници:** | 28 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Ајнур Алими |
| **Директор на училиштето:** | Адмир Кадриески |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 26 до 28 март 2018 год. |
| **Адреса на училиштето:** | с.Дупјачани, Долнени |
| **Телефон:** | 070 454 277 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-peretoshev-dupjachani-dolneni@schools.mk |
| **оценка од ИЕ** | **Делумно задоволува (2,09)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 20, 24, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.в. на Република Македонија“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15 и 145/15) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. в. на РМ“ бр. 86/06).

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2023 година и Законот за просветната инспекција од 18 до 20 декември 2023 година, тим од три државни просветни инспектори спроведе интегрална евалуација во работата на ООУ „Пере Тошев“ с.Дупјачани, Долнени.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека квалитетот во работењето на училиштето е подобрен, односно квалитетот во работењето на ООУ „Пере Тошев“ с.Дупјачани, Долнени **делумно задоволува (2,09)**.

Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува во вкупно: 15 училници, 1 кабинет, 1 фискултурна сала распоредени во четири училишни објекти, по еден објект во: с.Дупјачани, с.Десово, с.Небрегово и с.Дреновци. Со одлука на основачот седиштето на училиште од с.Дупјачани е преместено во с.Десово. Наставата се остварува на македонски и албански јазик во две смени во с.Десово, а во с.Дупјачани, с.Небрегово и с.Дреновци на македонски јазик во една смена. Воспитно-образовната работа ја остваруваат вкупно 27 наставници и еден стручен соработник педагог. Воспитно образовната работа е поддржана од директор, секретар и 7 хигиеничари.

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Бесплатните учебници кои ги обезбедува МОН не ги задоволуваат во целост потребите на училиштето, а дел од учебниците со кои располага училиштето се дотраени.

Училиштето има формирано: Училишен инклузивен тим, тим за интеграција на мултикултурализмот во воспитно-образовниот процес. Нема ученици со ПОП. Нема изработено брошура за запознавање на учениците и родителите со наставните планови и програми и другите активности на училиштето.

Училиштето нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат.

Во последните три години нема организирано екскурзии, излети и настава во природа. Во последните три години мал број ученици учествувале на ученички натпревари и тоа само по: македонски јазик и физичко и здравствено образование. Мал број ученици повремено учествуваат и на разни конкурси. Родителите и учениците немаат влијание врз планирањето на воннаставните и слободните ученички активности.

Средниот успех на учениците, како директен показател на постигањата на учениците на ниво на училиште, бележи незначително подобрување: од 3,83 во учебната 2020/21 година, на 3,88 во учебната 2022/23 година. Истото во најголем дел е последица на тоа што не се прават анализи на успехот и не се предлагаат мерки и активности за негово подобрување. Не се прават анализи и не се предлагаат конкретни мерки и активности за подобрување на редовноста на учениците поради што редовноста на учениците не бележи тренд на подобрување.

Во училиштето не постојат приоди за планирање на редовната настава, дополнителна и додатната настава и воннаставните активности, односно не се пропишани видот, формата, составните елементи, роковите, надгледноста, следењето и друго. Стручната служба не обезбедува доволна поддршка на наставниците во процесот на планирање и реализација на наставата.

Мал број од наставниците се трудат да ја реализираат наставата интерактивно, со примена на различни наставни форми и методи, техники на учење и техники на оценување. На часовите преовладува традиционалниот облик на настава. Изборот на задачи и активности за време на часовите кај поголемиот број на наставници не е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците и нивните стилови на учење. Учениците многу малку и од незначителен број наставници се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Мал број од наставниците ги користат стандардите и критериумите за оценување при следењето и вреднувањето на постигањата на учениците, особено во однос на нивно користење во насока на планирање на следните чекори во наставниот процес. Училиштето нема пишан протокол и/или процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба.

Најголемиот број родители и ученици го доживуваат училиштето како безбедна и сигурна средина за учење.

Училиштето нема направено подготвителни активности, нема направено измена на статутот и нема донесено интерен акт, а со кои ќе обезбеди услови за примена на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување. Наставниците, учениците и родителите не се запознаени со постоењето на истото**.**

Училиштето не обезбедува храна за учениците и вода за пиење. Нема пропишани процедури: за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. за обезбедување на материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици, за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест или смрт во семејството, постконфликтни трауми и сл.). Голем број од родителите и учениците не се задоволни од одржувањето на хигиената во училиштето.

Најголемиот број од наставниците се почитувани од страна на учениците и родителите. Во училиштето постојат добри меѓучовечки односи. Најголемиот број од родителите сметаат дека нивните деца се чувствуваат среќни и задоволни во училиштето. Учениците и вработените се грижат за угледот на училиштето. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека училиштето ги практикува и ги заштитува правата на децата. Најголемиот број вработени правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од пол, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности.

Училиште не располага со кабинети за настава и библиотека. Фискултурна сала има само во с.Дупјачани, но истата нема затоплување и доволне број дпортски реквизити. Затоплувањето на училишните објекти е со печки на дрва, освен во с.Небрегово каде затоплувањето е со парно греење. Училиштето располага само со техничка вода, односно водата не е исправна за пиење. Училиштето има недостаток на простории за

заеднички активности: дополнителна и додатна настава, вonнаставни и слободни ученички активности.

Бројот на нагледни средства делумно ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Нема доволно ни компјутерска техника, со исклучок на ПУ во с.Дреновци, каде со донација од НБРМ обезбедени се компјутери за сите ученици. Ова значително влијае врз квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

Наставата на албански наставен јазик по: музичко образование, ликовно образование, физичко и здравствено образование, информатика и биологија и наставата на македонски наставен јазик по техничко образование и наставата по јазик и култура на Бошњаците ја реализираат наставници кои немаат соодветно високо образование согласно нормативите за наставен кадар утврден со наставните програми. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците-приправници. Наставниците имаат портфолија за професионален развој со изготвен личен план за професионален развој, но не ги евидентираат реализираните обуки во професионалното досие, а сертификатите ги чуваат секој кај себе

Набавките на: нагледни, наставни и технички помагала, канцелариски материјали, ситен инвентар, материјали за одржување на згради, средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните објекти, поправки и одржување на компјутерската опрема и друго, се прават во рамките на финансиските можности на општината, но средства кои се набавуваат делумно ги задоволуваат реалните потреби на училиштето.

За членовите не е одржана обука за успешно извршување на нивната улога како членови на училишниот одбор. Во последните три учебни години училишниот одбор нема покренато иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес

Во креирањето на училишните образовни политики родителите се вклучуваат само преку советот на родители. Учениците не се вклучени во креирањето на училишните образовни политики.

Училиштето има Статут (со бр. 01-306/2 од 26.12.2019г) за кој има добиено согласност со Решение донесено од Министерот за образование и наука под број 03-109/1 од 15.04.2020 год. Училиштето нема донесено статутарна одлука за измена и дополнување на статутот за интегрирање на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување.

Во Развојната програмата за работа на училиштето (со бр. 02-143/1 од 19.08.2022 год.) за период од 2021 до 2025 година во која е зацртана визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години. Самоевалуацијата е за учебните 2020/21 и 2021/22 година. Во Извештајот од извршената самоевалуација (со бр. 02-138/1 15.08.2022 год.) прецизно се набележани јаките страни во работењето и предлог мерки за подобрување на квалитетот во работењето.

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година (со бр. 02-131/1 14.08.2023 год.) е усвоена од УО со Одлука со бр. 02-131/1 14.08.2023 год. и истата е донесена од Советот на општина Долнени.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Во општинското основно училиште „Пере Тошрв“ с.Дупјачани Долнени воспитно-обрзовната работа се остварува според наставниот план и наставните програми за основно деветгодишно образование за учебната 2023/24 година .

Училиштето е основано со одлука на Собранието на општина Долнени број 01-1331/1 на 25.04.1961 година. Воспитно-образовната дејност на училиштето е верификувана со Решение за верификација на воспитно образовна дејност донесено од Секретаријатот за општествени служби и општа управа при Собранието на општина Прилеп под бр. 09-77/1 од 17.03.1986 година. Училиштето е регистрирано во Централниот регистар за вршење на дејност по шифра 85.20 - основно образование. Последниот упис на промена во Централен регистар на РСМ е направена со бр. Решение донесено под деловоден број 30520230000485 на 19.03.2023 година.

Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува во четири училишни објекти, по еден објект во: с.Дупјачани, с.Десово, с.Небрегово и с.Дреновци. Со одлука на основачот централното училиште од с.Дупјачани е преместено во с.Десово. Училиштето располага со вкупно: 15 училници, 1 кабинет, 1 фискултурна сала, 1 библиотека, и вкупно 6 други простории/канцеларии.

Наставата во с.Десово се остварува на македонски и албански јазик во две смени, а во с.Дупјачани, с.Небрегово и с.Дреновци само на македонски јазик во една смена. Воспитно-образовната работа ја остваруваат вкупно 27 наставници и еден стручен сорботник педагог. Воспитно образовната работа е поддржана од директор, секретар и 7 хигиеничари.

Во тековната учебна година во училиштето учат 236 ученици од прво до деветто одделение, распоредени во 19 паралелки од кои 8 се комбинирани. Сите паралелки се со број на ученици помал од 20, за кои училиштето има обезбедено согласност од основачот. Училиштето е повеќе етничко, односно од 236 ученици: 97 се Бошњаци, 74 се Македонци и 65 се Албанци. Реонот на училиштето ги опфаќа населените места: с.Дупјачани, с.Десово, с.Дреновци и с.Небрегово, с.Забрчани и с.Мраморани.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ „Пере Тошев“ Дупјачани, Десово се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование , наставните програми по Кембриџ (математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение ), како и за учениците од I до VI одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Наставата во училиштето се реализира во две смени во с.Десово и во една смена во подрачните училишта во останатите населени места.

Директорот и стручната служба на училиштето пред почетокот на учебната година, ги запознаваат наставниците со новините и измените во наставните планови и програми, а наставниците кои реализираат настава во I до VI одделение имаат посетено обуки во организација на Бирото за развој на образованието за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование, каде се запознаени со целите и задачите и другите елементи од наставните програми.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во централното училиште се реализира во училишниот двор, а кога не се добри временските услови во училница. Во подрачните училишта наставата по физичко и здравствено образование во училишниот двор или училница, освен во с. Дупјачани каде се реализира во фискултурна сала. Наставата по физичко и здравствено образование во прво, второ, трето четврто и петто одделение ќе се реализира во тандем одделенски наставник и наставник по физичко и здравствено образование.

Училиштето дава поддршка во реализацијата на :

- Проектот за меѓуетничка интеграција,
- Проектот Отворен ден на граѓанско општество и
- Програмата за антикорупциска едукација на учениците,

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим. Во училиштето нема идентификувани ученици со ПОП.

Училиштето нема изработено брошура со која се запознаваат учениците и родителите за наставните планови и програми и другите активности на училиштето.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го избираат учениците во согласност со нивните родители. Од четврто до шесто одделение според новата концепција избираат од предложените слободни изборни предмети

Во училиштето се изучуваат следните изборни предмети:

- во IV одделение на македонски наставен јазик:
  - во прво полугодие Соло пеење и
  - второ полугодие Народни ора;
- во IV одделение на албански наставен јазик:
  - во прво полугодие Заштита на животна средина и

  - во второ полугодие Образование за животни вештини;
- во V одделение на македонски наставен јазик:
  - во прво полугодие Модерен танц
  - во второ полугодие Хип-хоп
- во V одделение на албански наставен јазик:
  - во прво полугодие Образование за хортикултура
  - во второ полугодие Образование за родова еднаквост
- во VI одделение на македонски наставен јазик:
  - во прво полугодие Образование за хортикултура и
  - во второ полугодие Образование за родова еднаквост;
- во VI одделение на албански наставен јазик:
  - во прво полугодие Мултикултурна работилница и
  - во второ полугодие Градење на интеркултурни односи;
- во ПУ во с.Дупјачани на македонски наставен:
  - во VII одделение Изборен спорт,
  - во VIII Проекти од ликовна уметност и
  - во IX одделение Проекти од музичка уметност;
- во с.Десоvо на македонски наставен јазик:
  - во VII одделение Вештини на живеење,
  - во VIII одделение Проекти од информатиката и
  - во IX одделение Програмирање;
- во с.Десоvо на албански наставен јазик:
  - во VII одделение Вештини на живеење,
  - во VIII одделение Унапредување на здравјето и
  - во IX одделение Нашата татковина.

Во училиштето втор странски јазик е француски јазик

Училиштето за учениците од одделенска настава има изработено проширена програма за организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот на наставата и еден час по завршувањето на наставата во согласност со потребите на родителите .

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања, како и оперативен план за наставен час и сценарио за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. За учениците од I до VI одделение се изработуваат годишни планирања, неделни планирање и сценарио за наставен час. Планирањата на наставниците континуирано се следат од страна на стручната служба и директорот во училиштето за што се води уредна евиденција.

Од разгледувањето на планирањата на наставниците се утврди дека годишните, тематските и неделните планирања се согласно наставните програми.

Училиштето нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат и мал број од наставниците ги вградуваат истите во нивните планирања.

Во последните три години не е покрената иницијатива до Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука за изменување и дополнување на наставните планови и програми на барање на наставниците и/или родителите.

### 1.3. Воннаставни активности

Училиштето во последните три учебни години реализира бројни воннаставни активности кои во голем дел ги одразуваат потребите и интересите на учениците и им помагаат во развојот на граѓанските и општествени компетенции за доживотно учење.

Во согласност со потребите и интересите на учениците, секоја година со Годишната програма за работа на училиштето се планират повеќе облици на воннаставни активности преку кои на учениците им се овозможува: своето слободно време да го поминат организирано, да се занимаваат со работи кои се од нивен домен на интерес, да се стекнат со нови знаења и искуства, да развијат нови вештини, да се дружат со своите врсници, да се опуштат, или едноставно да се забавуваатсекции.

Од страна на секции, во училиштето се реализираат: литературна, драмска и рецитаторска, за кои има одпределено одговорен наставник.

Во рамките на додатната настава наставниците ги подготвуваат учениците за учество на ученички натпревари. Во последните три години мал број ученици учествувале на ученички натпревари и тоа само по: македонски јазик и физичко и здравствено образование. Мал број ученици повремено учествуваат и на разни конкурси.

Ву училиштето се реализираат активности за опшествено корисна работа на учениците преку кои учениците се учат да развиваат љубов и позитивен однос кон работата, да негуваат почит кон работниот човек, средства и производството и да ги почитуваат резултатите од трудот.

Училиштето секоја година планра ученички екскурзии и други вонучилишни активности кои се изведуваат надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми:

- еднодневни излети за сите паралелки,
- екскурзии и настава во природа: во трето (еден ден), петто, во шесто (два дена) и во деветто одделение (три дена),
- два излети за сите ученици, есенски и пролетен,

Во последните три години нема организирано екскурзии, излети и настава во природа.

Во тековната учебна година планирани се: еднодневни работилници, работни акции, хуманитарни акции, одбележување на денови и празници, посета на установи, посета на училишна библиотека, посета на јавни претпријатија, изработка на осмомартовски подароци, денови на Марко Крале, одбележување на денот на училиштето, учество на смотри и друго.

Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (ПМИМО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти и БРО како задолжителен дел од наставниот процес преку планирање на наставни содржини по сите предмети во сите одделенија.

Во училиштето е формиран тим за интеграција на мултикултурализмот во воспитно-образовниот процес кој има изработено план со активносто:

- организирање на десеминација на новоработени наставници, членовите од тимот кои ги имаат поминато обуките за МИО;

- одбележување на празници (Нова Година, 8-ми Март, 9-ти Мај) со потенцирање на интеркултурализмот преку организирање на работилници со средства од училиштето и локалната деловна заедница, а со поддршка од родителите;
- одбележување на 21-ви Март - Денот на екологијата со засадување на дрво на пријателство со ученици од друг етникум именувана како „Зар дрвата не ги садиме сите исто?“;
- развивање на интеркултурализмот во училиштето со цел да се постигне подобрување на соживотот и меѓусебното почитување помеѓу учениците, подигање на свеста кај учениците и наставниците за прифаќање на разликите, на ниво на училиште и пошироко.

Со партнер училиштето ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“ Прилеп спроведени се неколку заеднички активности.

Во училиштето внимание се посветува на училишниот спорт со цел правилен психо-физички развој, како и за стекнување со самодоверба, за јакнење на волјата и карактерот. Во училиштето се нудат повеќе спортови: ракомет, фудбал, одбојка, пинг-понг и атлетика. Има формирано училиштен спортски клуб „Пере Тошев“.

Во ООУ „Пере Тошев“ с.Дупјачани постои ученичко организирање и учество на учениците во училишниот живот. Во секоја паралека од второ до деветто одделение се формира ученичка заедница на паралелка која работи на дисциплината , хигиената, редовноста на учениците, како и на решавање на проблемите во паралелката. Претседателите на ученичките заедници од VI до IX одделение го формираат ученичкиот парламент кој работи на ниво на училиште, а се избира и ученички правобранител. Претставниците од ученичкиот парламент и правобранителот учествуваат на состаноците на Наставнички совет и Училишен одбор. Двајца претставници од ученичкиот парламент учествуваат во тоимот за Меѓуетничка интеграција во образованието, при изработка на Годишната програма и во комисијата за избор на првенец на генерација.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за општиот успех на учениците по пол, етникум, наставни предмети и паралелки, за сите класификациски периоди на ниво на училиште, како и со општ успех по учебни години. За секое тримесечје од наставната година раководителите на паралелки изготвуваат преглед на успехот на учениците во паралелката.

Според извештаите за постигањата на учениците на ниво на училиште, средниот успех на учениците во последните три учебни години бележи мало подобрување.: 3,83 во учебната 2020/21 година, 3,91 во учебната 2021/22 година и 3,88 во учебната 2022/23 година.

Не се прават анализи на успехот и не се предлагаат мерки и активности за негово подобрување. Наставниците сметаат дека постигањата на учениците најмногу можат да се подобрат преку поквалитетна настава и со поголема соработка со родителите.

Во редовната настава, на учениците кои имаат тешкотии во учењето наставниците им обезбедуваат поддршка преку избирање на активности соодветни на нивните можности и потреби. Преку реализација на дополнителната и повремено индивидуализирана настава наставниците придонесуваат за подобрување на успехот на учениците. Училиштето нема тим за работа со надарени и талентирани ученици. Педагогот со годишните програми за својата работа планира активности за идентификување, следење и работа со ученици со потешкотии во учењето и надарени и талентирани ученици. Во последните три години не се идентификуваат такви ученици.

Училиштето има училишен инклузивен тим, но во наставата нема вклучени ученици со посебни образовни потреби.

Во училиштето се реализира проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во изминатите три учебни години, училиштето во соработка со партнер училиштето ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“ Прилеп има реализирано повеќе заеднички активности со мешан етнички состав на ученици и наставници. Заради двојазичноста на училиштето, мултиетничките активностите и самостојните мултикултурни активности се реализираат кај поголем број на наставни предмети.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците и презема мерки за целосен опфат на учениците од својот реон. За оваа учебна година во прво одделение запишани се вкупно 18 ученици. Од страна на раководителите на паралелки и педагогот се следи редовноста на учениците. Во 2020/21 и 2021/22 учебна година во училиштето нема евидентирано неоправдани изостаноци. Во учебната 2022/23 година евидентирани се вкупно 26 неоправдани изостаноци. Во последните две учебни години просечниот број на оправдани изостаноци е 6 изостаноци по ученик. Редовноста на учениците не бележи тренд на подобрување. Не се прават анализи и не се предлагаат конкретни мерки и активности за подобрување на редовноста на учениците.

Педагогот во изминатите три учебни години има извршено вкупно 20 советувања на ученици и родители по основ на нередовно посетување на настава и по основ на

несоодветно однесување на ученици, како и групно советување на ученици од VI и VII одделение на албански наставен јазик. За оваа учебна година извршени се вкупно 9 советувања на родители и ученици за несоодветно однесување на ученици. Педагогот и наставниците сметаат дека советувањата влијаат врз подобрувањето на поведението и успехот на учениците.

Училиштето располага со податоци за осипување на учениците и води евиденција на испишани ученици. Во учебната 2022/23 година испишани се 4 ученици поради иселување во странство, а во текот на оваа учебна година нема испишани ученици.

Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште. При преминување на учениците во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошката евиденција и документација, а за придојдените ученици податоците за ученикот се земаат во предвид при натамошна образовна работа со него.

### 2.3. Повторување на учениците

Во учебната 2022/23 година основното образование го завршиле вкупно 15 ученици. Во последните три учебни години нема ученици кои го повториле одделението. Нема ни ученици упатени на поправен испит или на дополнителна/продолжителна настава, ниту ученици упатени на испит на годината. Училиштето ги запознава родителите со правото за поднесување на приговори по однос на постигнатиот успех на нивните деца.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето не постојат приоди за планирање на редовната настава, дополнителна и додатната настава и воннаставните активности, односно не се пропишани видот, формата, составните елементи, рокови, надгледноста, следењето и друго. Директорот води евиденција на предадени планирања за редовната настава, но истите не се следат од страна на педагогот.

Наставници во I до VI одделение изготвуваат годишна програма, неделно планирање и сценарио за наставен час, додека во VII до IX одделение изготвуваат годишни, тематски планирања и дневни подготовки. Мал број наставници покрај редовната настава изготвуваат планирања за дополнителна и додатната настава и воннаставните активности.

Стручната служба не им дава доволна поддршка на наставниците во процесот на планирање и реализација на наставата.

Училишниот инклузивен тим изготвува и работи по сопствена програма и покрај тоа што во училиштето нема ученици со ПОП. Исто така, тимот за меѓуетничка интеграција изготвува и работи по сопствена програма.

Распоредот на редовните часови е направен според наставниот план и просторните и кадровските можности на училиштето, но не и според потребите на учениците. Училиштето изработува распоред за дополнителна и додатна настава, а повремено се изготвуваат и се истакнуваат распореди за воннаставни активности и за СУА.

## 3.2. Наставен процес

Мал број од наставниците се трудат да ја реализираат наставата интерактивно, применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување. На часовите преовладува традиционалниот облик на настава. Наставниците најчесто работат со цела паралелка, а поретко во парови или во групи. Мал број наставници применуваат индивидуален пристап, најчесто кон учениците кои заостануваат во извршувањето на активностите за време на часот. Немањето на доволен број на компјутерската опрема значително го отежнува процесот на учење и подучување со што директно влијае врз намалувањето на квалитетот на наставниот процес и постигањата на учениците.

На посетените часови постои дисциплина и работна атмосфера. Наставниците не целосно ги запознаваат учениците со целите, очекуваните исходи од учењето и стандардите за оценување. Изборот на задачи и активности за време на часот кај поголемиот број на наставници не е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците и стилови на учење. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка. Учениците се вклучуваат во активностите на часот и воннаставните активности без разлика на пол, етникум, социјална структура и успех.

Училиштето нема пишан протокол и/или процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба. На почетокот на наставната година се

предаваат планирањата кај директорот, без при тоа да се внимава на видот на планирањето, уште помалку на содржината и квалитетот на планирањето.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Најголемиот број од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.

Од разговорите со учениците се дојде до сознанија дека не сите ученици и не кај секој наставник учениците имаат можност за давање на иницијатива, сопствено согледување и можни решенија за надминување на проблеми кои ги засегаат. Учениците сметаат дека немаат секогаш можност да го кажат своето мислење, а доколку го кажат не секогаш истото се зема во предвид. Од разгледување на прашалниците од учениците се дојде до сознанија дека начинот на кој се учи во училиштето не по сите предмети е интересен.

За време на наставните часови, наставниците не превземаат доволно активности да ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Поголемиот број од наставниците ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење.Училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, но многу мал број на ученици земаат учество на ученички натпревари на општинско, регионално и државно ниво и на разни наградни конкурси.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандардите во оценувањето, но не сите наставници истите ги планираат со сопствени критериуми за оценување кои се предаваат кај стручната служба во училиштето. Само мал број од наставниците ги користат стандардите и критериумите за оценување при следењето и вреднувањето на постигањата на учениците, особено во однос на нивно користење во насока на планирање на наставата.

Во оценувањето на учениците се применуваат разновидни методи. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечје и свидетелства на крајот на учебната година.

Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е-Дневникот.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (скалите, подовите, покривите и дворовите) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето редовно ги одржув ПП апаратите и громобранската инсталација, за што ги поседува потребните потврди. Има потенцијално опасни места во училиштето што не можат да се избегнат и кои не се посебно означени, но учениците се свесни за нивното присуство и се информирани за можните опасности. Во училиштето пет вработени имаат следено обука за давање на прва помош при несреќни случаи и пет вработени имаат следено обука за заштита од пожари и ги поседуваат соодветни сертификати. Училиштето има: План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи (во кој се опфатени: заштитата и спасување од сите природни непогоди, РХБ заштита и спасување и прва медицинска помош) одобрен од Дирекцијата за заштита и спасување – п.о. Крушево, План за заштита од пожари одобрен од Дирекцијата за заштита и спасување – п.о. Крушево, Куќен ред и Кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите, во кои има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишните објекти и во училишните дворови и истите доследно се спроведуваат. Последната симулација е изведена во декември 2018 година. Најголемиот број родители и ученици го доживуваат училиштето како безбедна и сигурна средина за учење.

Училиштето нема направено подготвителни активности, нема направено измена на статутот и нема донесено интерен акт со кој ќе обезбеди услови за примена на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување. Наставниците, учениците и родителите не се запознаени со постоењето на истото.

Училиштето нема програма за заштита и спречување на ученик од сите видови насилство, но учениците и родителите сметаат дека воспитно-образовниот кадар и директорот ефикасно и навремено се справуваат со појавите на сите видови насилство, во најголем број од случаите со разговор и советување, а по потреба и со изрекување на педагошки мерки. Кодексот за однесување на сите структури во училиштето и со Куќниот ред немаат одредби во случај на нивно непочитување. Педагогот редовно спроведува предавања за спречување на меѓуврсничко насилство и разрешување на конфликти. Поголемиот број родители и ученици сметаат дека училиштето ефикасно се справува со појавите на меѓуврсничко насилство.

Училиштето реализира активности од општествено-корисен карактер, од забавен и рекреативен карактер, за грижа за здравјето на учениците, подобрување на успехот и дисциплината на учениците и друго.

Најголемиот број вработени на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Родителите и учениците се запознаени од страна на училиштето за правото на поднесување поплаки до раководителита на паралелки во случај на насилство или повреда на ученичките права.

Училиштето има програмски документ и превзема разни активности за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции. Во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не

се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во последните три години нема пријави или сознанија за користење на алкохол и наркотични супстанции во училиштето и во училишниот двор.

Училиштето не обезбедува храна за учениците. Учениците носат храна од дома. Во непосредното опкружување на училишните објекти нема продавници за храна. Секоја учебна година се спроведуваат разни активности на тема здрава исхрана.

Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапна рампа има само во училишниот објект во с.Дреновци. Во училиштето нема ученици со физичка попреченост и училиштето нема пропишани мерки и процедури за обезбедување на непречен пристап на ученици со физичка попреченост. Училиштето не располага со санитарен јазол по стандарди за лица со физичка попреченост.

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Училиштето преку повремени хуманитарни акции обезбедува храна, облека, средства за хигиена и дополнителни средства за училишен прибор и учество на овие ученици во вонаставни активности (екскурзии, таблоа, тератарски и кино претстави, фестивали и посети на културни знаменитости и приредби).

### 4.2. Здравје

Училиштето максимално ги користи помошно-техничкиот персонал и средствата за одржување на хигиена со кој располага училиштето за редовно одржување на хигиената. Тоалетите за наставниците и за учениците се чистат по неколку пати во денот и се дезинфицираат повремено. Голем број родители и ученици не се задоволни од хигиената во училиштето. Државниот санитарен инспекторат нема констатирано пропусти во работењето на училиштето. Пред почетокот на учебната година се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Училиштето со ќуќниот ред, кодексот на однесување на учениците, како и преку совети од наставниците воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, подот и инвентарот во училниците се чистат по завршување на смената, другиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку еднаш во полугодие. Дворот на училиштето се чисти од отпадоци. Во дворот на училиштето и училниците има корпи за отпадоци. Училиштето нема програма за превенција од заразни болести. За сите вработени редовно се вршат систематски и санитарни прегледи согласно законските прописи. Училиштето редовно соработува со здравствените установи за навремено и редовно спроведување на систематските прегледи на учениците.

Училиштето нема пишана процедура за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Во училиштето нема идентификувано ученици со хронични заболувања.

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест или смрт во семејството, постконфликтни трауми и сл.). Стручната служба се состои од еден педагог кој не обучен да им помогне на овие ученици и/или на нивните родителите или да ги упати до релевантните установи. Во

изминатите три учебни години идентификувани се неколку ученици со кои пегагогот спровел активностите во насока да им се помогне во справувањето со нивните емоционални потешкотии.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето во соработка со средните училишта од општината и од соседните општини на учениците ги запознава учениците во завршните одделенија со можностите за продолжување на нивното понатамошно образование во средните училишта во општината и во соседните општини. Исто така училиштето им овозможува на учениците од завршните одделенија посета на претпријатија каде се запознаваат со можноста за вработување и потребното образование со кое треба да се стекнат. Подготовката на учениците за избор на нивно понатамошно образование, по завршувањето на основното образование во училиштето ја прави педагогот.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците во одделенска настава водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, и се грижат за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, педагогот, наставниците и родителите за постигањата на учениците во одделенска настава, но не и во предметна настава.

Сите наставници подготвуваат редовни извештаи по квартали, за својата паралелка и за паралелките каде предаваат. Подготвените извештаи по паралелки им се доставуваат на педагогот и директорот и се достапни за сите наставници и родители кои се заинтересирани за истите. Од причина што не се изработуваат анализи со конкретни препораки, извештаите не придонесуваат за подобрување на квалитетот на воспитно--образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

ООУ „Пере Тошев“ с.Дупјачани во своето опкружување е препознатливо како повеќе етничко и двојазично училиште кое обезбедува безбедна и сигурна средина за своите ученици без разлика на нивната полова, етничка или социо-економска припадност. Училиштето превзема мерки и акктивности за да ги поттикне учениците и родителите на поголемо учество во училиштниот живот. Родителите и учениците повремено се вклучуваат во училишниот живот преку своите репрезентативни органи. Најголемиот број од наставниците се почитувани од страна на учениците и родителите. Во училиштето постојат добри меѓучовечки односи. Најголемиот број од родителите сметаат дека нивните деца се чувствуваат среќни и задоволни во училиштето. Учениците и вработените се грижат за угледот на училиштето.

Училиштето има кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и истите во најголем број случаи се почитуваат. Има потреба од нивно донесување на демократски и транспарентен начин, со активно вклучување на сите чинители во училиштето. Кодексот за однесување на учениците е истакнат на огласна табла и во сите училници. Училиштето има Куќен ред кој е изработен и донесен од раководниот орган. Со куќниот ред се уредуваат принципите и правилата на однесување на учениците и на вработените. Училиштето има правилник за изрекување на педагошки мерки и истиот се применува кон учениците кои не го почитуваат Куќниот ред и кодексот за однесување на учениците. Најголемиот број ученици и вработените ги почитуваат кодексите на однесување и куќниот ред на училиштето. Во изминатите три години нема покренато постапка кон вработен или родител за непочитување на кодексите на однесување. Училиштето промовира и практикува взаемно почитување помеѓу вработените, учениците и родителите. Во училиштето владее взаемно почитување и вклученост на учениците во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Од посетата на часовите, како и од разговорите со учениците се констатира дека постои работна атмосфера за време на наставата. Раководниот, наставниот кадар и стручната служба се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците.

Во училиштето има формирано ученички парламент, во кој членовите се избрани на демократски начин, со тајно гласање од страна на сите ученици од шесто до деветто одделение. Ученичкиот парламент има сопствена програма за работа. Работата на ученичкиот парламент е поддржана од директорот, педагогот и одговорен наставник. Членовите на ученичкиот парламент редовно ги информираат своите соученици за активностите кои се нивен интерес. Има примери каде ученичкиот парламент предлага и учествува во донесувањето на одлуки за прашања кои се од интерес на учениците. Наставниците сметаат дека меѓусебната професионална соработка е добра, како на ниво на стручни активи, така и на ниво на училиште. Во училиштето нема изграден систем на наградување на успешните практики. Поголемиот број од учениците и вработените се задоволни од работната атмосфера која се обезбедува за време на наставата и воннаставните активности. Има распоред за дежурање на вработените. Најголемиот број од нставниците и учениците сметат дека најголем број од учениците се однесуваат соодветно и соработуваат меѓусебно и со наставниците. Најголемиот број од наставници се трудат да бидат позитивен пример за учениците.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Голем број од родителите и учениците сметаат дека директорот и најголемиот број од воспитно-образовниот кадар креираат успешна средината за учење и ги поттикнуваат учениците на повисоки постигања во наставата и во воннаставните активности, редовноста и дисциплината. Голем број од наставниците го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето ги промовира личните постигања на учениците во рамки на училиштето. Во училниците и во ходниците на училиштето поретко се истакнуваат лични изработки и творби на учениците. Постигањата на учениците се промовираат при одбележување на денот на училиштето. Училиштето има ограничени можности за да им овозможи на учениците, согласно своите способности и интереси да ги изразат своите творечки потенцијали во воннаставните активности. Мал број од наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на ученички натпревари. Училиштето нема правилник за видови пофалби и награди на вработените со цел наградување на наставниците кои дале посебен придонес во промовирањето на училиштето. Учениците кои освоиле награди и учениците со континуиран одличен успех се наградуваат со книги и пофалници.Голем број од учениците се задоволни од своите постигања. Дел од стручната служба и наставниците го промовираат училиштето со нивно учество на државни и меѓународни конференции, работилници, семинари, при реализација на проекти и друго.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од вработените во училиштето ги почитуваат правата на децата. Преку реализирање на програмата „Образование за животни вештини“ како и преку активности кои се планираат во годишните програми за работа на педагогот, ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител учениците се запознаваат со правата на децата. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека училиштето ги практикува и ги заштитува правата на децата. Најголемиот број вработени правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од пол, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности. Учениците учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Училиштето преку своите програмски документи ги промовира и практикува половата, етничката, културната и верската разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците преку интегрирање на целите на МИО во наставата и воннаставните активности, како и преку предавања и работилници, учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Со развојната програма и со годишните програми за работа на училиштето се планираат активности со цел поголем број родители да се вклучат во животот на чилиштето. Но, соработката со родителите главно е преку индивидуалните и групните родителски средби и преку Советот на родители. Родителите во рамките на паралелките по пат на јавно гласање избираат претставници во Советот на родители. Советот на родители по пат на јавно гласање ги избира своите претставници во УО. Во составот на Советот на родители има членови од различни етнички заедници. Има примери на иницијативи од страна на родителите за подобрување на училишниот живот.Училиштето редовно се вклучува во животот на општината преку учество на настани од интерес на заедницата, при реализација на проекти и заеднички активности во соработка со јавните установи во општината.

Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на хуманитарни настани, собирање на храна, училишен прибор и друго. Училиштето промовира мултиетничка интеграција во пошироката средина. Училиштето повремено остварува соработка со деловната заедница, најчесто при посета на претпријатија во склоп на општествено-корисната работа на учениците и професионалната ориентација на учениците.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

ООУ "Пере Тошев"с.Дупјачани е рурално училиште сместено во источниот дел од општина Долнени, во населените места: с.Десово, каде е сместено централното училиште и во: с.Дупјачани, с.Небрегово и с.Дреновци, каде се сместени подрачните училишта. Освен од овие населени места, во училиштето учат и ученици од населените места: с.Забрчани и с.Мраморани.

Во училиштето во с.Десово, наставата се изведува на македонски наставен јазик од прво до деветто одделение, во 9 паралеки со вкупно 120 ученици и настава на албански наставен јазик, од прво до деветто одделение, во 4 комбинирани паралелки со вкупно 53 ученици.

Училишната зграда во с.Десово е на еден спрат, располага со 8 училници, канцеларија за наставници, административна просторија за директор и заедничка просторија за педагогот и секретарот, тоалети за ученици и вработени и подрумска просторија. Училишниот двор е ограден и хортикултурно уреден. Во училишниот двор има асфалтирано игралиште обележено за фудбал, кошарка и ракомет. Училиште во с.Десово не располага со фискултурна сала, кабинети за настава и библиотека. Во учебната 2018/20 год. извршено е реновирање на фасадата на училишниот објект, сите простории во училишната зграда се молерисани, а осветлувањето е заменето со нови лед ламби. Затоплувањето на училишниот објект е со печки на дрва. Училиштето располага само со техничка вода, односно водата не е исправна за пиење. Училиштето во с.Десово има недостаток на простории за заеднички активности во кои би се организирале и изведувале дополнителна и додатна настава, воннаставни и слободни ученички активности. Во подрачното училиште во с.Дупјачани наставата се изведува на македонски наставен јазик од прво до деветто одделение со вкупно 35 ученици во три комбинирани паралелки: една во одделенска настава од I до V одделение во која во тековната година учат ученици од: III, IV и V одделение и две во предметна настава: од VI и VII одделение и од VIII и IX одделение. Училишната зграда е од понов тип, изградена во 1984 година и истата располага со седум училници од кои во употреба се само три, четири канцеларии од кои во употреба е само една и тоалети за ученици и наставници. Со помош на Општина Долнени извршена е реконструкција на фискултурната сала, но потребно е од доопремување на салата со електрична инсталација, затоплување и опремување со спортски справи и реквизити. За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование, се користи и тревната површина за мал фудбал. Затоплувањето на училишниот објект е со печки на дрва. Училишниот двор не е целосно ограден и не е хортикултурно уреден. Во подрачното училиште с.Дреновци, наставата се изведува на македонски наставен јазик од I до V одделение со вкупно 24 ученици во две комбинирани паралелки: од I, II и III одделение и од IV и V одделение. Училишната зграда е изградена во 1972 година, а во учебната 2012/13 година со средства од МОН истата е целосно реновирана. Направени се две училници, опремени со нов училишен инвентар, дрвената дорама е заменета со ПВЦ дограма, фасадата е реновирана, адаптирана е просторија за наставниот кадар и во училишниот дворот направени се тоалети за учениците и вработените. Како проблем во училиштето се јавува немањето на вода за остварување на основните хигиенски услови на учениците. Училиштето не располага со спортски терен, додека училишниот двор не е ограден и не е хортикултурно уреден.

Во подрачното училиште во с.Небрегово, наставата се изведува на македонски наставен јазик од I до V одделение со вкупно 4 ученици во една комбинирана паралелка од I и IV одделение. Училишната зграда во 2017/18 година е реновирана со донација на претпријатието „СОКОТАБ“. Истата располага со четири простории, од кои една училница, просторија приспособена за настава по предметите природни науки и техничко образование, просторија за тоалети и просторија за сместување на дрвата за огрев. Подрачното училиште нема спортски терен и училишниот двор не е ограден и не е хортикултурно уреден. Училниците согласно бројот на ученици во паралелка се соодветни според нормативот за училишен простор и ги исполнуваат условите за реализација на воспитно-образовниот процес. Училишната зграда во приземниот дел, фискултурната сала, спортскиот терен и училишниот двор се пристапни за лица со телесни пречки во развојот. Училишниот двор е целосно ограден, но недоволно хортикултурно уреден. Затоплувањето на објектот на основното училиште е со сопствено парно греење на течно гориво.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Бројот на нагледни средства со кои располага училиштето, делумно ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Училиштето во с.Десово не располага со фискултурна сала. Училиштето недоволно располага со компјутерска техника, со исклучок на подрачното училиште во с. Дреновци каде со донација од Народна банка на РМ обезбедени се компјутери за сите ученици, училишен прибор, печатач и печки на дрва. Во училиштето во с.Десово нема инсталирано компјутери за учениците. За реализација на наставата по информатика училиштето располага со 88 таблети за учениците, три таблети и три компјутери за наставниците, три проектори, како и четири компјутери и два лаптопи за педагогот, секретарот и директорот. Евидентен е недостигот на нагледни средства по повеќето наставни предмети.

Училиштето не располага со посебен простор за училишна библиотека. Библиотечниот фонд е распореден во училиштето во с.Десово и во училиштето во с.Дупјачани. За работењето на библиотеката ангажирани се двајца наставници и тоа: наставник по македонски јазик со шест наставни часа неделно и наставник по предметот јазик и култура на Бошњаците со четири наставни часа неделно. За работењето на библиотеката изготвена е програма. Работното време на ангажираните наставници овозможува учениците да можат да користат книги во текот на целиот наставен ден. Училиштето располага со книги, лектири и стручна литература на македонски и албански јазик. На македонски јазик има вкупно 6653 книги, од кои 1200 лектирни изданија и 1000 изданија стручна литература, а останатите се учебници за учениците од IV до IX одделение. Книгите во библиотеката се сместени по службените простории во училишните објекти во с.Десово и с.Дупјачани. Евиденцијата се води во пишана форма. Во изминатите три учебни години училиштето нема набавено книги, стручна литература и лектирни изданија.

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

За оваа учебна година во училиштето вработени се вкупно 28 наставници. Од нив 16 се вработени на неопределено работно време, а 12 на определено работно време. Наставата на албански наставен јазик по: музичко образование, ликовно образование, физичко и здравствено образование, информатика и биологија и наставата на македонски наставен јазик по техничко образование и наставата по јазик и култура на Бошњаците ја реализираат наставници кои немаат соодветно високо образование согласно нормативите за наставен кадар утврден со наставните програми. Во оваа

учебна година вработен е еден наставник-приправник за кој директорот има назначено ментор.

Стручната служба е составена само од едно лице стручен соработник-педагог. Административната работа ја извршува едно лице секретар/балгајник. Книговодствените работи ги врши лице вработено во општина Долнени. Од помошно-технички лица во училиштето вработени се вкупно 7 хигиеничари. Во училиштето нема вработено ноќен чувар. Училишниот објект во с.Десово е под видео надзор. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова, национална или друг вид на дискриминација. Вработените го почитуваат работното време. Редовноста на наставниот кадар и на техничкиот персонал ја следи директорот на училиштето.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Со годишните програма за работа на училиштето, педагогот и директорот планирани се активности за поддршка на личниот и професионален развој на наставниците: учество на семинари, работилници и дисеминација. Наставниците имаат портфолија за професионален развој со изготвен личен план за професионален развој, но не ги евидентираат реализираните обуки во професионалното досие, а сертификатите ги чуваат секој кај себе. На наставникот-приправник се дава помош преку менторска работа и инструктивна работа на педагогот. Менторот го следи наставникот-приправник според програма за поддршка на наставник-приправник.

Во изминатите три учебни години, во организација на Бирото за развој на образованието, најголемиот број од наставниците се имаат стекнато со сертификати за посетени обуки на теми:

- „Справување со врсничко насилство и сајбер-насилство“,
- „Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата“ и
- „Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците“,

Во период од септември 2023 година до март 2024 година планирани се обуки за сите одделенски наставници и за наставниците кои предаваат мајчин јазик од шесто до деветто одделение на тема „Воведување на медиумска писменост во наставните програми“. За наставниците од одделенска настава и за наставниците од предметна настава кои ја реализираат наставата според новата концепција за основно образование реализирани се обуки од страна на Бирото за развој на образованието.

Наставниците самостојно имаат посетувано on-line обуки на теми:

- „Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“ и
- „Вовед во формативното оценување“.

За сите наставници реализирана е интерна обука преку дисеминација на тема: „Стандарди за интеркултурно образование“.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето секоја година донесува финансиски план и извештај за финансиското работење. Училиштето располага со сопствена сметка 787, но на истата нема прилив на средства по било кој основ. Набавката на огревен материјал и превозот на ученици го врши основачот. Финансиските средства на училиштето наменски се користат за подобрување на материјално-техничките услови. Училиштето ја планира набавката на: нагледни, наставни и технички помагала, канцелариски материјали, ситен инвентар, материјали за одржување на згради, средства за дезинфекција, дезинсекција и

дератизација на училишните објекти, поправки и одржување на компјутерската опрема и друго. Набавките се прават во рамките на финансиските можности на годишно ниво, по претходна консултација со одделението за финансиско работење на општина Долнени, но набавените средства делумно ги задоволуваат реалните потреби на училиштето.

# 7. УПРАВУВАЊЕ/РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА НА УЧИЛИШТЕТО

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Со училиштето управува училишен одбор кој е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор е составен од седум членови. За изборот на членовите на училишниот одбор училиштето располага со уредна документација. Училишниот одбор работи според Деловник за работа на училишниот одбор и според сопствена програма. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите органи и тела во училиштето само на формално ниво. Во последните три учебни години училишниот одбор нема покренато иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес. Во последните три учебни години до Училишниот одбор нема доставено приговори од страна на вработени, ученици или родители.

Состаноците на училишниот одбор се одржуваат со однапред утврден дневен ред и доставени материјали. За членовите не е одржана обука за успешно извршување на нивната улога како членови на училишниот одбор.

Со училиштето раководи директор именуван на 13.09.2023 година со решение од Градоначалникот на општина Долнени. За директор на училиштето е назначено лицето Адмир Кадриески, вработен во училиштето како наставник по одделенска настава, со најмалку 13 години образовна работа. Директорот работи според сопствена годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Раководниот орган има јасна визија за организирање на целокупната работа на училиштето, со цел подобрување на состојбите и резултатите во сите области од дејноста на воспитно-образовниот процес. Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата, планирањата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува наменско трошење на финансиските средства.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Целите се зацртани во Планот за развој на училиштето и истите се насочени кон подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, преку разните тимови се вклучени во креирањето на училишната образовна политика. Во креирањето на училишните образовни политики родителите се вклучуваат само преку советот на родители. Учениците не се вклучени во креирањето на училишните образовни политики.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Јаки страни

1. **Во изминатите три учебни години, училиштето во соработка со партнер училиштето ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“ Прилеп има реализирано повеќе заеднички активности со мешан етнички состав на ученици и наставници. Заради двојазичноста на училиштето, мултиетничките активностите и самостојните мултикултурни активности се реализираат кај поголем број на наставни предмети.**

2. **Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето.**

3. **Најголемиот број ученици и родители училиштето го доживуваат како безбедна и сигурна средина, што поттикнува заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без разлика на пол, етничка припадност, релија и социо-економска состојба.**

## 8.2. Слаби страни

1. **При изготвувањето на полугодишните и годишните статистички извештаи за постигањата и редовноста на учениците не се врши анализа на прибраните податоци и не се даваат конкретни препораки за подобрување на истите.**

2. **Мал број наставници по предметна настава користат разновидни наставни форми, методи и техники во сите делови на часот, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.**

3. **Поголемиот број наставници по одделенска и предметна настава не планираат диференцирани задачи и активностите на учениците за време на часот и за домашна работа прилагодени на индивидуалните потреби, можности и постигања на учениците.**

4. **Поголемиот број наставници по предметна настава не ги користат стандардите за оценување и информациите од следењето и вреднувањето при планирањето на следните чекори во учењето и не ги запознаваат учениците и родителите со истите.**

5. **Училиштето нема направено подготвителни активности, нема направено измена на статутот и нема донесено интерен акт со кој ќе обезбеди услови за примена на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување. Наставниците, учениците и родителите не се запознаени со постоењето на истото.**

6. **Нема пропишани процедури за грижа за ученици:**
   - **со тешкотии во учењето и за талентирани и надарените ученици,**
   - **со пречки во развојот/физичка попреченост,**

- **кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава,**
- **од семејства во социјален ризик и**
- **со емоционални проблеми.**

7. **Нема доволен број на наставно-нагледни средства и технички помагала, како и на информатичко компјутерска технологија.**

## 8.3. Препораки

1. **Училиштето при изготвувањето на полугодишните и годишните статистички извештаи за постигањата и редовноста на учениците да врши анализа на прибраните податоци и да дава конкретни препораки за подобрување на истите.**

2. **Да се превземат активности во насока поголемиот број наставници по предметна настава да користат разновидни наставни форми, методи и техники во сите делови на часот, прилагодени на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.**

3. **Да се превземат активности во насока поголемиот број наставници по одделенска и предметна настава да планираат диференцирани задачи и активностите на учениците за време на часот и за домашна работа, а кои ќе бидат прилагодени на индивидуалните потреби, можности и постигања на учениците.**

4. **Да се превземат активности во насока поголемиот број наставници по предметна настава да ги користат стандардите за оценување и информациите од следењето и вреднувањето да ги користат при планирањето на следните чекори во учењето, како и запознавање на учениците и родителите со истите.**

5. **Училиштето да направи подготвителни активности, измена на статутот и да донесе интерен акт со кој ќе обезбеди услови за примена на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување и за истото да ги запознае наставниците, учениците и родителите.**

6. **Да се превземат активности во насока на пропишување на процедури за за грижа за ученици:**
   - **со тешкотии во учењето и за надарените ученици,**
   - **со пречки во развојот/физичка попреченост,**
   - **кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава,**
   - **од семејства во социјален ризик и**
   - **со емоционални проблеми.**

7. **Во соработка со основачот да се превземат активности во насока на:**
   - **обезбедување на доволен број на наставно-нагледни средства и технички помагала, како и на информатичко компјутерска технологија со цел подобрување на квалитетот на наставниот процес,**

| | |
|---|---|
| Гордан Трифуновски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Илија Илиески, Инспектор | |
| Антониела Стојаноска, Инспектор | |